**20181502820**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.8.2018 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2018 ГОДИНА**

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/18, 29/18, 85/18, 117/18 и 139/18) во член 2 став (2) во табелата во подмерката 1.10. алинејата 2 се менува и гласи:

„-Висината на директните плаќања изнесува 3,00 денари по килограм, освен за земјоделски стопанства кои произвеле сливи за потребите на сопствениот преработувачки капацитет запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи и истите се преземени во сопствениот преработувачкиот капацитет во период од 15 август до 15 септември 2018 година, за кои висината на директните плаќања изнесува 5,00 денари по килограм.“

По подмерката 1.20. се додава нова подмерка 1.21. која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.21. | Директни плаќања за откупени сливи од род 2018 од домашно производство | -Корисници на оваа подмерка се правни лица откупувачи на сливи регистрирани за преработка на земјоделски производи и правни лица регистрирани за вршење на трговија со земјоделски производи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои извршиле откуп на сливи од реколта 2018 година од домашно производство врз основа на договор за откуп склучен со земјоделски стопанства согласно член 32 од Законот за земјоделство и рурален развој.<br>-Финансиската поддршка се исплаќа за количините кои се откупени во период од 15 август 2018 година до 15 септември 2018 година и за истите исплатата да е извршена најдоцна до 15 декември 2018 година по цена не пониска од 5 денари по килограм.<br>-Висината на директните плаќања изнесува 2,00 денари по килограм. |

“

Член 2

Во членот 4 во точката 3 зборовите: „ 1.7., 1.10. и 1.20.“ се заменуваат со зборовите: „1.7., 1.10., 1.20. и 1.21.“ .

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-7876/1
14 август 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.